| | |
|---|---|
| Предмет | ХИГИЕНА И ЕКОЛОГИЈА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломирана мед.сестра/техничар |
| Код | СМ С/Т-215 |
| Студиска година | Втора |
| Семестар | Трет |
| Вкупно часови | 55 |
| Кредити | 2 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во втора година |
| Изведува | Катедра по хигиена |
| Одговорен наставник | доц. д-р Михаил Кочубовски |
| Адреса: | Катедра по хигиена, Републички завод за 33, 50 дивизија бр.6, 1000 Скопје, Тел. +389 2 3125 044, e-mail:mkocubovski@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за медицински сестри и техничари , базични предмети хигиена, екологија |
| Учебни цели | Да се запознае со подрачјето на дејствување на хигиената и екологија<br>Да стане свесен за заштита на човековата околина<br>Да ги осознае принципите на здрава и безбедна храна |
| Кратка содржина | **Теоретска настава (30 часа):**<br>-Хигиена (дефиниција, методи и поле на работа)<br>-Еко-токсикологија<br>-Процена на ризик и еко-онкологија<br>-Здравствена екологија (Комунална хигиена) :воздух, вода, почва и регулативи<br>-Хигиена на исхрана (квалитет и исправност на храна, додатоци и засилувачи на храната, проценка на ухранетост и прехранетост на населението, значење на прехраната на здрави лица и оние со посебни потреби- деца, возрасни, спортисти, бремени и доилки, болести од малнутриции)<br>-Принципи на лична хигиена, рекреација и спорт од хигиенски аспект<br>**Вежби (25 часа):**<br>-Екологија и хигиена на исхрана : студентите спремаат заеднички проект и го спроведуваат во практика<br>-Функционирање на здравствена заштита од превентивно-медицински аспект при природни и антропогени катастрофи (војна, бегалци/привремено раселени лица, поплави, земјотреси..): хигиена на привремено сместување, снабдување со безбедна вода за пиење и храна, организација и изведување на дезинфекција, дезинсекција, дератизација и<br>деконтаминација |
| Организација | **Теоретска настава:** 30 часа<br>**Семинари:** 25 часа |
| Методи на учење | Предавања, пракса |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:**<br>Студентот ќе се стекне со основни познавања на полето на хигиената и екологијата<br>**Клучни вештини:**<br>Студентот ќе ги применува основните принципи на хигиената и екологијата |

| | |
|---|---|
| **Специфични препораки за наставата** | Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењ ето за да добие потпис.<br><br>**Бодирање на активностите на студентот:**<br><br>Вид на активност / Бодови:<br>Теоретска настава: 7.5-12.5<br>Практична настава: 7.5-12.5<br>Континуирани проверки-2: 45-75<br>Вкупно: 60-100<br><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 7.5 бода;<br>61% - 70% - 8.5 бода;<br>71% - 80% - 9.5 бода;<br>81% - 90% - 11 бода;<br>91% -100% -12.5 бода.<br>** практична настава (25 часа): секој час носи по 0.5 бода<br>присуство - 0.2 бод<br>активност - 0.3 бод |
| **Проверка на знаења** | **Континуирана проверка (колоквиум):**<br>Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверката е писмена (тест со повеќекратен избор). Студентот задолжително се јавува на колоквиум, во спротивно не стекнува право на потпис на крајот на семестарот.<br>**Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од една од двете континуирани проверки, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.**<br><br>**Завршен испит:**<br>Нема. Доколку студентот ги положи обата колоквиуми, се оформува целосната оценка.<br><br>**Комплетен завршен испит:**<br>Студентот полага комплетен завршен испит ако не освоил минимум бодови (60%) на еден од двата колоквиуми. Испитот претставува колоквиум што не е положен.<br>Доколку студентот не го положи неположениот колоквиум, нема право на оформување на оценка.<br><br>**Оформување на целосната оценката:**<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ја и континуираната проверка.**<br><br>ВОНРЕДНИ СТУДИИ:<br><br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска и практичнанастава.<br>**Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од:**<br>- тест со повеќекратен избор<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности.** |
| **Учебни помагала** | Основни:<br>Теодор Тулчински, Елена Варавикова. Новото јавно здравство вовед во 21 век. НИП "Студенски збор", Скопје, 2003<br>Авторизирани предавања од Катедрата |